ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; Matični broj: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 210 – 1/2007
Загреб, 12. 10. 2007.

# З А П И С Н И К

од **15. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **12.10.2007. година** со почеток во **13.30 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни:** А. Митревски – претседател на Заедницата, Драган Јакимовски (со писмено овластување како замена на претседателката М. Мајиќ – Задар, прилог), Б. Штерјов – Загреб, Ј. Цветичанин – Осиек, И. Христодулов – Риека и Н. Гроздановски – Загреб.

**Отсутни:** Претставник – Пула.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата, М. Бан – член на НО на Заедницата, И. Дуноски – Риека, О. Ламбевски – Загреб и М. Паризоски – дописник на „М. глас“ – Загреб.

На самиот почеток, И. Христодулов ги извести членовите на УО на Заедницата за промените во МКД „Илинден„ од Риека и рече дека тој е разрешен од должноста претседател на друштвото, а на таа функција е именувана Ивона Дуноски, поткрепувајќи го тоа со Решение од Канцеларијата за Државна управа на ПГЖ (прилог). До таа промена дошло поради неговото именување за водител на Канцеларијата на претставниците на МНМ за Град Риека, чиј Спораз за основање е потпишан од страна на Советот на МНМ за Град Риека, Претставникот на МНМ за ПГЖ, МКД „Илинден„ од Риека и МПЦО „Св. Цар Константин и Царица Елена„ од Риека (прилог). Со честитки, членовите на УО Ивона Дуноски ја прифатија како полноправен член на УО на Заедницата, на досегашното место на Илија Христодулов.

Седницата ја водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни, го прочита дн. ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 14-та седница и од вонредниот состанок на УО;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.10.-31.12.2007.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат на седницата во писмен облик во 2 копии (едната останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, а другата ќе се доставува до Амбасадата на РМ во РХ), а останатите 5

копии на Информаторот, друштвата меѓусебно директно треба да си ги проследат пред седницата;

3. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2007. godine“;
4. Договор околу реализацијата на програмите до крајот на оваа година и усвојување на донесените одлуки – Х. Манифестација „Културно творештво на националните малцинства во РХ„ во Загреб, Рацинов ден „Бели мугри„ во Самобор, Етнографско истражување и филм за Македонците во Хрватска;
5. Договор за План и програма на работа за 2008. година до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата и усвојување на донесените одлуки;
6. Именување на инвентурна комисија која ќе спроведе инвентура за имовинската состојба на Заедницата за 2007. година и ќе направи записник;
7. Договор за финансиските барања на главната и одговорна уредничка на „Македонски глас„ М. Апостоловска и усвојување на донесените одлуки;
8. Договор за доделувањето на користење на малата соба (до собата за состаноци) во просториите на Заедницата, на барањата од МКД „Охридски бисер„ и МПЦО „Св. З. Мегленска„ за нивните административни потреби и усвојување на донесените одлуки;
9. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги усвоија** записникот од 14. седница и од вонредниот состанок на УО на Заедницата (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше припремен и предаден од страна на сите друштва и од Заедницата, освен друштвата од Осиек и Пула (прилог). Се отвори дискусија за манифестациите, семинарите, собирите и средбите кои се одржаа во минатото тромесечје и претс. А. Митревски рече дека тие беа многубројни, богати и добро одработени. Тука се спомнаа: „Илинден 2007.„ (за оваа маниф. беше предаден комплетниот трошковник на увид од МКД „Илинден„ Риека – прилог), „Летен камп – училиште на македонскиот јазик за деца – Рогач 2007„ (со одлука за идната година водителите на кампот да не се лица кои се родители на некои од децата – учесници), летен камп за деца од дијаспората „Ластовичка„ во Дојран и Маврово, РМ, фудбалски турнир на дијаспората во мал фудбал „Корени 2007„ во Дојран, РМ, претставување на јубилејниот број 50. на списанието „Македонски глас„ во Загреб, претставување на монографијата „МКД Илинден – Риека (1991-2006)„ од Владо Настески во Загреб и др. Исто така, се констатира дека и соработката со Амбасадата на РМ во РХ оваа година е многу поплодна и остварени се позитивни резултати. Претс. А. Митревски ги спомна и средбите остварени на иницијатива на Црногорското нац. малцинство за договор и начин на избор за саборски застапник кој ќе ги застапува интересите на Бошњаците, Словенците, Црногорците, Македонците и Албанците во РХ. Се спомна и средбата со претседателот на Комисијата за европски прашања при Собранието на РМ, Тито Петковски со неговата делегација, како и потпишувањето на Меѓудржавната спогодба за правата на нац. малцинства меѓу РХ и РМ, а за 15. октомври се планира учество и на семинарот: „Provođenje Okvirne konvencije za zaštitu nacionalnih manjina“, кој ќе се одржи во Вуковар. Се одржа и културната манифестација „13. Денови на македонската култура„ во Осиек, во чии рамки меѓу другото, беше отворена изложбата на теракотни икони од Виница и беше одржан концертот на Слободан Цветичанин по повод 25-годишнината од неговата уметничка кариера. За гостувањето на спомнатата изложба во рамките на културната манифестација „Денови на македонската култура во Загреб„ О. Ламбевски рече дека сеуште се чека на потврден одговор за наоѓање на адекватен простор каде што таа би била изложена. За проблематиката на друштвото од Пула, претс. А. Митревски рече дека има ветување од Градското поглаварство на Пула дека во рок од една недела ќе се закаже термин за

одржување на изборно Собрание на друштвото. Доколку тоа не се случи, Заедницата ќе реагира преку јавните медиуми. По дискусијата, претс. А. Митревски ја покажа на присутните благодарницата која ја доби Заедницата од Македонската Православна Епархија за Европа.

**Ад. 3.** За кварталното „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2007. godine" за Советот, претс. А. Митревски рече дека е изработен и ќе биде на време предаден до Советот (прилог), заедно со извештаите на друштвата (освен Извештајот од друштвото од Пула), со што членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**. Потоа М. Бан во името на МКД „Илинден„ од Риека, изнесувајќи го трошковникот, ги замоли членовите на УО на Заедницата, ако може Заедницата да му помогне на друштвото со паричен износ од 1.500,00 кн. поради преголемите трошоци за манифестацијата „Илинден 2007.„. Во врска со ова, Ј. Цветичанин рече дека од нивните средства за „Илинден„ се останати околу 1.500,00 кн. и доколку се согласи УО на друштвото од Осиек, тие средства ќе бидат трансферирани за друштвото од Риека. Ако биде поинаку, Заедницата ќе одлучува за ова прашање кога ќе се дефинираат трошоците за оваа година.

**Ад. 4.** За оваа точка, претс. А. Митревски рече дека по барање на организаторот на 10. Манифестација „Културно творештво на националните малцинства во РХ„ во Загреб, можат да учествуваат највеќе две друштва. Тој го прочита и одговорот на Соња Ризоска за проектот „Етнографско истражување и филм за Македонците во Хрватска„. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- За 10. Манифестација „Културно творештво на националните малцинства во РХ„ во конц. сала „Лисински„ во Загреб, фолклорот ќе го претставуваат учесници од друштвата од Риека и Сплит, а хорот, пејачката секција од Сплит;
- Културната манифестација „Рацинов ден – Бели мугри„ во Самобор да се одржи на 24.11.2007. година во договор со Градското поглаварство на Град Самобор, а реализацијата да биде во организација со друштвото од Загреб;
- Да се проба да се реализира проектот „Етнографско истражување и филм за Македонците во Хрватска„ а ако не се успее со тоа, да се бара од Советот пренамена на овие средства за други потреби на Заедницата;
- Да се инсистира на склучување на договор за соработка помеѓу Заедницата и Министерството за култура на РМ и Агенцијата за иселеништво на РМ.

**Ад. 5.** Што се однесува до Планот и програмата на работа за 2008. година до Советот за национални малцинства на РХ, се рече дека сеуште не е објавен јавниот конкурс од Советот, но дека Планот секако треба да биде припремен однапред. Притоа, друштвата треба да внимаваат нивните манифестации меѓусебно да не се совпаѓаат со датумите за реализација и да бидат припремени по критериумите на Советот. Исто така, секое друштво треба да има по една манифестација која ќе биде на ниво на Заедницата. Пред конкурирањето, Заедницата ќе ги повика членовите на УО на вонреден состанок на кој ќе се договорат поединостите на Планот и програмите.

**Ад. 6.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:
- Да се направи инвентура на имовинската состојба на Заедницата во декември оваа година;
- За инвентурната комисија се именуваат: Никола Гроздановски, Благој Штерјов, Марко Паризоски и Елизабета Петровска.

**Ад. 7.** Се поведе расправа за финансиското барање на главната и одговорна уредничка на „Македонски глас„ М. Апостоловска. Бидејќи финансиите на Заедницата се ограничени и во овој момент не е можна реализација на вонредни издатоци, членовите на УО на Заедницата со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** ова барање да се размотри како втора точка на вонредниот состанок кој ќе се свика за припрема на Планот и програмите.

**Ад. 8.** По ова прашање се отвори широка расправа и бидејќи не можеше да се најде задоволително решение, Н. Гроздановски даде предлог таа просторија заеднички да ја користат и МПЦО „Св. З. Мегленска„ и друштвото од Загреб за нивните административни потреби. Со тоа, членовите на УО на Заедницата со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** да се состанат претс. А. Митревски, протоерејот К. Велински и претс. на МКД „Охридски бисер„ Б. Штерјов, и доколку го прифатат тој предлог, истиот да се реализира на тој начин.

**Ад. 9.** Под точката разно, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Се даруваат 100 примероци од најновата книга „Препознавања„ на авторот Г. Калоѓера; продажната цена на книгата ќе изнесува 50,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 100,00 кн.;
- Се даруваат 30 примероци на книгата „Хрватско-македонски односи низ вековите„ од Б. Јовановски на Еванѓеоско теолошкиот факултет во Осиек;
- Се задолжува И. Христодулов сметката од 23.05.2003. година (ресторан „Обртнички дом„ на износ од 1.787,00 кн.), која била направена од страна на Заедницата, а сеуште не е платена, да ја реши до крајот на годинава.

По оваа точка, сите теми за расправа беа исцрпени и претс. А. Митревски ја затвори седницата.

Седницата заврши во **16.10** часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ